Граѓаните на Македонски Брод на 19 октомври 2011 година учествуваа на третата форумска сесија. Присутните 95 граѓани имаа можност да ги слушнат проекциите на приходите на буџетот на општината за 2012 година и да дискутираат за нив. По приходите, тие ги проследија и презентациите за расходите на Програмата за локален развој; Програмата за социјална заштита и Програмата за заштита на животната средина. Дискусиите како што е вообичаено во еден дел се одвиваа на работните маси од каде што дојдоа и големиот број предлози на граѓаните за секоја од програмите.



Граѓаните со несмален интерес се дел од форумскиот процес. За Милисав Димоски „форумот ја одразува заедницата, односно нејзиниот етнички, професионален, религиозен и друг вид на карактер." За него, вклучувањето на граѓаните во еден ваков процес е посебна придобивка, а нивното учество е можност да се влијае врз одлуките на општината и со самиот тој чин да се гради соработка помеѓу локалната самоуправа и граѓаните. „Најважно е што учеството на граѓаните помага во подобрувањето на општинските услуги кои ги добиваат граѓаните", изјави Димоски. Румена Стојаноска од селото Латово, придобивката ја гледа во можноста и „селските населби да се вклучат со

свои предлози во одредувањето на приоритетите во буџетот на општината и така да придонесат за решавање на нивните проблеми."

Следната, четврта форумска сесија во Македонски Брод ќе се одржи на 9 ноември 2011 година.

